РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРИМЕНАТА НА ЗАКОНОТ ЗА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ

Скопје, март 2011 година

## ВОВЕД

Со донесувањето на Законот за бесплатна правна помош ("Службен весник на Република Македонија" бр.161/09) за прв пат во Република Македонија се воспостави правото на бесплатна правна помош со цел обезбедување на еднаков пристап на граѓаните и другите лица до институциите на системот, запознавање, остварување и овозможување на ефективна правна помош, што е во согласност со уставното начело на еднаков пристап на правдата .

Во согласност со законот Министерството за правда е надлежен орган за надзорот над спроведување на одредбите на законот.

За примената на законот , Министерството за правда изготви Годишен извештај во кој се содржини основните информации на кои се заснова правото на бесплатна правна помош и тоа: законската и институционата рамка, видовите бесплатна правна помош, корисниците на правото на бесплатна правна помош, надлежностите и активностите на министерството и статистички податоци за бројот на поднесените барања, издадени решенија, правната работа за која се одобрени барањата, категориите на корисници кои го оствариле правото на бесплатна правна помош, давателите на бесплатна правна помош и запишаните адвокати во регистарот.

Преку увидот во содржината на годишниот извештај се укажува на посебното значење кое системот на правната помош го има во рамките на функционирањето на правниот систем во Република Македонија во решавање на егзистенционалните прашања на граѓаните, отстранувајќи ја дискриминацијата врз основа на нивната имотна состојба.

## ЗАКОНСКА РАМКА

Законот за бесплатна правна помош е донесен во декември 2009 година, а отпочна да се применува на 7 јули 2010 година.

Пред отпочнување со примена на Законот за бесплатна правна помош, донесени се подзаконските акти кои произлегуваат од него.

Истите се објавени во ("Службен весник на Република Македонија" бр.65/2010) и на веб страната на Министерството за правда и тоа се :

-Правилник за содржината на образецот на барањето за бесплатна правна помош

-Правилник за содржината на барањето за добивање на овластување за давање на претходна правна помош

-.Правилник за содржината на образецот на трошковникот за обемот на извршената работа од адвокат

-Правилник за формата и содржината на образецот на барањето за запишување во регистарот на адвокати за правна помош

-Правилник за содржината на образецот на трошковникот за обемот на извршената работа од овластени здруженија

-Тарифа за надоместок на трошоците за работа на здруженијата за вршење на работи на претходна правна помош.

ИСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

Бесплатната правна помош согласно овој закон се реализира од страна на Министерството за правда, адвокати и од овластени здруженија на граѓани и тоа како претходна правна помош и правна помош во управни и судски постапки.

Претходната правна помош ја даваат 34-те подрачни одделенија на Министерството за правда и здруженијата кои ќе добијат овластување за давање на претходна правна помош.

Правната помош во управните и судските постапки ја даваат овластените адвокати.

По поднесено барање за бесплатна правна помош одлучува Министерството за правда.

Со отпочнување на примената на законот во рамките на министерството формирано е Одделение за бесплатна правна помош во чија надлежност е да:

- одлучува по поднесените барањата за бесплатна правна помош,
- води регистар на адвокати за правна помош,
-води регистар за овластени здруженија за давање на претходна правна помош,
- одлучува за исплата на надоместок на адвокатите и здруженијата за дадена правна помош,
-врши надзор над работата на адвокатите и овластените здруженија на граѓани,
- врши надзор над спроведување на законот, и
- организира денови на бесплатен правен совет.

По поднесеното барање за бесплатна правна помош, за упис на адвокат и на здружение во регистарот, нивно бришење од регистарот, награда на адвокатот за извршената работа и надомест на трошоци на овластеното здружение за дадена претходна правна помош, Министерот за правда одлучува со решение.

## ВИДОВИ ПРАВНА ПОМОШ

Бесплатната правна помош се остварува како претходна правна помош и правна помош во управни и судски постапки.

Претходната правна помош опфаќа:
-иницијален правен совет за право на користење;
-општа правна информација; и
-правна помош во комплетирање на барањето.

Правната помош пред надлежен орган и организација опфаќа:
-застапување во сите степени во судски и управни постапки; и
-составување на писмена во судски и управни постапки.

## КОРИСНИЦИ НА ПРАВОТО НА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ

Правото на бесплатна правна помош може да го остварат лица кои со оглед на својата материјална положба не би можеле да ги остварат со Устав и закон загарантираните права, без да го загрозат сопственото издржување и издржување на членовите на своето семејство со кои живеат во заедничко домаќинство и тоа државјаните на Република Македонија со постојано живеалиште во Република Македонија кои се:

- Корисници на социјална помош,
- Корисници на правото на инвалидски додаток, кои не остваруваат други приходи по основ на заработувачка или приходи од недвижности,
- Корисници на најниска пензија кои живеат во семејна заедница со две или повеќе лица издржувани од него и
- Семејства или самохран родител со едно или повеќе малолетни деца кои остваруваат право на детски додаток.

Покрај нив, право на бесплатна правна помош имаат и:

- Лице на кое му е признаено правото на азил, внатрешно раселено лице, како и раселено или прогонето лице кое на територијата на Република Македонија има престојувалиште,
- Странски државјанин, кој во согласност со меѓународните договори, без оглед дали на територијата на Република Македонија има престојувалиште или живеалиште, остварува негово право за кое е надлежен државен орган на Република Македонија,
- Лице без државјанство, кое законски престојува во Република Македонија и

- Државјанин на земја членка на Европската унија под услови и на начин утврден со овој закон.

Издршката на лицето кое бара бесплатна правна помош и издршката на членовите на неговото семејство со кои живее во заедничко домаќинство се смета за загрозена ако приходите по сите основи на тоа лице и членовите на неговото домаќинство не го преминуваат износот од 50% од просечната месечна плата исплатена во Република Македонија за претходниот месец во времето на поднесување на барањето за бесплатна правна помош.

Правото на бесплатна правна помош не може да се одобри доколку барателот или член на негово семејство со кој живее во исто домаќинство има имот кој достигнува или надминува пет просечни месечни бруто плати исплатени во Република Македонија во претходниот месец. Во категоријата имот не влегуваат предмети кои согласно со Законот за извршување се изземени од извршувањето и моторно возило чија вредност не надминува пет просечни месечни бруто-плати исплатени во Република Македонија во претходниот месец.

НАДЛЕЖНОСТИ НА МИНИСТЕРСТВОТО

По поднесено барање за бесплатна правна помош одлучува Министерството за правда.

Барањето за бесплатна правна помош се поднесува лично или преку пошта во 34 –те подрачни одделенија на министерството на пропишан образец кон кој се приложува и изјава за материјално-социјалната положба на подносителот на барањето и членовите на семејството со кои живее во заедничко домаќинство, како и согласност за увид во сите податоци за нивната имотна состојба.

Барањето се поднесува до подрачното одделение на чие подрачје подносителот има живеалиште.

Подрачното одделение на министерството по приемот на барањето, согласно податоците наведени во барањето, го комплетираат барањето со потребните документи за имотна состојба прибавени од Агенцијата за катастар на недвижности, Управа за јавни приходи, Центар за социјални работи, Фонд за пензиско и инвалидско осигурување и други органи, и истото се доставува до министерството, на натамошно одлучување.

По поднесеното барање Министерот за правда одлучува со решение со кое барањето ќе се одобри или ќе се одбие.

Против решението со кое барањето се одбива, подносителот има право да поведе управен спор.

СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ

*1.Барања за бесплатна правна помош*

Од отпочнувањето со примена на законот од 07.07.2010 година, а заклучно со 24.03.2011 година до Министерството за правда преку подрачните одделенија поднесени се вкупно 118 барања за бесплатна правна помош и тоа:

| Подрачно одделение | Број на поднесени барања |
|---|---|
| БЕРОВО | **4** |
| БИТОЛА | **12** |
| МАКЕДОНСКИ БРОД | **1** |
| ВАЛАНДОВО | **4** |
| ВИНИЦА | / |
| ГЕВГЕЛИЈА | **2** |
| ГОСТИВАР | / |
| ДЕБАР | / |
| ДЕЛЧЕВО | / |
| ДЕМИР ХИСАР | / |
| КАВАДАРЦИ | **3** |
| КИЧЕВО | **9** |
| КОЧАНИ | **2** |
| КРАТОВО | **2** |
| КРИВА ПАЛАНКА | **3** |
| КРУШЕВО | / |
| КУМАНОВО | **7** |
| НЕГОТИНО | **6** |
| ОХРИД | **3** |
| ПРИЛЕП | **1** |
| ПРОБИШТИП | **2** |
| РАДОВИШ | **4** |
| РЕСЕН | **2** |
| СВЕТИ НИКОЛЕ | / |
| СТРУГА | / |
| СТРУМИЦА | **3** |
| ТЕТОВО | **2** |
| ВЕЛЕС | **3** |
| ШТИП | **6** |
| КАРПОШ-СКОПЈЕ | **7** |
| ЦЕНТАР-СКОПЈЕ | **2** |
| ГАЗИ БАБА-СКОПЈЕ | **19** |
| ЧАИР-СКОПЈЕ | **6** |
| КИСЕЛА ВОДА-СКОПЈЕ | **3** |

*2.Донесени решенија*

По поднесените барања во периодот од отпочнување со примена на законот од 07.07.2010 година, а заклучно со 24.03.2011 година донесени се 71 решение, со кои одобрени се 29 барањата за бесплатна правна помош, одбиени се 42 барања за бесплатна правна помош, а останатите се во постапка на одлучување.

За 3 барања запрена е постапката со заклучок, поради своеволно откажување на подносителите од барањето.

*3.Правна работа за која е одобрена бесплатна правна помош*

Од 29 решенија со кое е одобрено барањето за бесплатна правна помош :

- со 5 решенија е одобрена бесплатна правна помош во постапка за остварување на права од работен однос;
- со 18 решенија е одобрена бесплатна правна помош во постапка за решавање на имотно правен спор;
- со 1 решение е одобрена бесплатна правна помош во постапка за остварување на права од областа на социјалното осигурување;
- со 2 решенија е одобрена бесплатна правна помош за права од областа заштита на жртви на семејно насилство; и
- со 3 решенија е одобрена бесплатна правна помош за права од областа заштита на деца и малолетници.

*4.Корисници на правото на бесплатна правна помош*

*Државјаните на Република Македонија* со постојано живеалиште во Република Македонија согласно член 12 став 2 од законот, можат да го остварат правото на бесплатна правна помош доколку се: корисници на социјална помош, корисници на правото на инвалидски додаток, кои не остваруваат други приходи по основ на заработувачка или приходи од недвижности, корисници на најниска пензија кои живеат во семејна заедница со две или повеќе лица издржувани од него и семејства или самохран родител со едно или повеќе малолетни деца кои остваруваат право на детски додаток.

*Во 29 одобрени барања правото на бесплатна правна помош го оствариле лица од категоријата корисници на социјална помош и корисници*

*на најниска пензија кои живеат во семејна заедница со две или повеќе лица издржувани од него.*

*Други лица кои* покрај државјаните на Република Македонија може да го остварат правото на бесплатна правна помош се: лица на кое му е признаено правото на азил, внатрешно раселено лице, како и раселено или прогонето лице кое на територијата на Република Македонија има престојувалиште, странски државјанин, кој во согласност со меѓународните договори, без оглед дали на територијата на Република Македонија има престојувалиште или живеалиште, остварува негово право за кое е надлежен државен орган на Република Македонија, лице без државјанство, кое законски престојува во Република Македонија и државјанин на земја членка на Европската унија под услови и на начин утврден со овој закон.

*Лицата од категорија - други лица се уште не оствариле право на бесплатна правна помош.*

*5.Даватели на бесплатна правна помош*

*Претходна правна помош* даваат 34- те подрачни одделенија на Министерството за правда и здруженија на граѓани кои се овластени за тоа.

Согласно на член 30 од законот, здруженијата на граѓани поднесуваат барање за добивање на овластување и запишување во Регистар на здруженија за претходна правна помош.

Запишувањето во регистарот се врши со решение кое го носи министерот.

*Од отпочнување со примена на законот, не се поднесени барања за добивање на овластување и за запишување на здруженијата во Регистарот на здруженија за претходна правна помош.*

*Правната помош* во управните и судските постапки ја даваат адвокатите кои се запишани во Регистарот на адвокати за правна помош.

Согласно на член 29 ставот 3 од законот, адвокатот на пропишан образец поднесува барање за запишување во регистарот.

*Од отпочнување со примена на законот донесени се 202 решенија за запишување на адвокати во Регистарот.*

*Регистарот на адвокати е објавен на веб страната на Министерството за правда и истиот редовно се ажурира.*

АКТИВНОСТИ НА МИНИСТЕРСТВОТО

Министерството за правда како надлежен орган за имплементација на законот превзеде активности пред отпочнувањето на неговата примена.

Во таа насока беа одржани средби со надлежните органи, вработените во подрачните одделенија на министерството и здруженијата кои ќе постапуваат по законот во давањето на бесплатна правна помош и тоа:

Два средби со претставници од Управата за јавни приходи, Агенцијата за катастар, Министерството за труд и социјална политика и Централниот регистар на Република Македонија во делот на добивање на информации за имотно-социјалната положба на барателите на бесплатна правна помош.

Четири информативно-советодавни средби со здруженијата од кои две се одржаа во Скопје, една во Прилеп и Штип, во делот на добивање на овластување за давање на претходна правна помош и нивната улога во давање на бесплатна правна помош.

Средба со вработените во 34 –те подрачни одделенија на Министерството за правда кои имаат надлежност да даваат претходна правна помош, прием на барањата за бесплатна правна помош и утврдување на имотно-социјалната состојба на подносителот на барањето.

На 05.07.2010 година во соработка со Адвокатската комора на Република Македонија се одржи средба со адвокатите кои ќе бидат вклучени во остварување на правото на правна помош во управните и судски постапки.

На 07.07.2010 година во организација на Македонското здружение на млади правници се одржа информативна средба со здруженијата на тема "Предизвици пред воспоставување на системот за бесплатна правна помош".

*Денови на бесплатен правен совет*

Согласно на член 39 од законот, Министерството за правда во соработка со Адвокатската комора, Нотарската комора , Комора на медијатори и Комора на извршители квартално организира денови на бесплатен правен совет за сите граѓани за прашања од областа на медијацијата, адвокатурата,нотаријатот и извршувањето.

На 03.07.2010 година министерството во соработка со Адвокатската комора, Нотарската комора, Комора на медијатори и Комора на извршители во општините Илинден и Сарај го презентираа Законот за бесплатна правна помош, запознавајќи ги граѓаните со новите законски решенија и истовремено давајќи бесплатни правни совети во рамките на законското решение за одржување на денови на бесплатен правен совет за граѓаните од областа на адвокатурата, медијацијата, нотаријатот и извршувањето.

Денови на бесплатен правен совет беа организирани на 25 октомври 2010 година во општините Чаир и Ѓорче Петров, и на 26 октомври 2010 година во општините Гази Баба и Шуто Оризари.